Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-467/5
__________ година
13-08-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-467 од 24.6.2024 година, поднесена од Здружение на новинарите на Македонија во име на [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-467 од 24.6.2024 година, поднесена од Здружение на новинарите во Македонија во име на [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 24.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на Здружение на новинарите на Македонија во име на [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол, род, други видови уверувања и личен или општествен статус.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа доставени податоци за потенцијалниот дискриминатор и , на 9.7.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителите беа задолжени во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуредат претставката, во насока што ќе ја наведат точната адреса на потенцијалниот дискриминатор и да достават докази за дискриминаторската содржина.

Притоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 15.7.2024 година доби одговор на барањето за доуредување на претставката заведено под број 08-467/3 од страна на подносителите на претставката, доставувајќи ги потребните докази за дискриминаторската содржина согласно предметното барање, и притоа известувајќи ја Комисијата дека Здружението на новинарите на Македонија се обрати до Министерството за внатрешни работи - Сектор компјутерски криминал и дигитална форензика каде бил оформен предмет за постапување против лицето против кое била поднесува претставката за заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, подносителите на претставката не доставија целосно доуредување на истата и не ги доставија потребните податоци за лицето против кое беше поднесена претставката за заштита од дискриминација во предвидениот законски рок. Следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и

заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
13.8.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Здружение на новинарите на Македонија, ул. „Градски Ѕид“ блок 13, 1000 Скопје